**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ЛЕКТОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2402-58/12 од 19.2.2014 год. донесена на 100. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 19.2.2014 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *лектор* за научната област *англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во состав на:

– доцент д-р Марија Кусевска, доцент за наставно-научната област англистика, вработена на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – претседател;
– доцент д-р Нина Даскаловска, доцент за наставно-научната област методика на наставата по англиски јазик, вработена на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – член;
– проф. д-р Јованка Денкова, вонреден професор за наставно-научната област книжевност за деца, вработена на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Коха“ на 1-2.2.2014 година и во предвидениот рок се пријавија следните кандидати: м-р Крсте Илиев - магистер по англиска филологија, вработен како асистент по англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Македонија и м-р Афродита Николова – магистер од областа на образование.

Врз основа на приложената документација, на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

1. **М-р Крсте Илиев**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Крсте Илиев** е роден на 22 јули 1979 во Штутгарт, СР Геманија. Основно образование завршува во ОУ „Раде Кратовче“ во Кочани. Средно образование завршува во гимназијата „Љупчо Сантов“ – Кочани. Дипломира на Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ - Благоевград, Р. Бугарија (1998-2004), при што се стекнува со звање дипломиран професор по англиски и француски јазик, со професионална квалификација преведувач по англиски и француски јазик. Постдипломски студии (2004-2008) завршува исто така на Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ - Благоевград, Р. Бугарија, насока Англиски јазик и книжевност со успех 9,60. Магистрира на тема „We are what we eat, investigating identity through investigating the eating habits of people” и се стекнува со академски степен магистер по англиска филологија.

***Наставно - образовна активност***

Кандидатот Крсте Илиев во периодот 2005 – 2006 година работи како наставник по англиски јазик во ОУ „Никола Карев“ - Кочани. Во периодот од 2006 до 2007 година работи како наставник по англиски јазик во ОУ „Кирил и Методиј“ - Кочани, а во периодот од 2007- 2008 година работи како наставник во ОУ „Климент Охридски“ – Облешево. Во 2008 година е избран за помлад асистент по англиски јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во периодот 2011-2014 година работи како асистент на истиот факултет.

Во текот на своето работење на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатот м-р Крсте Илиев мошне успешно ги извршува своите работни обврски и

држи вежби по предметите: Современ англиски јазик 1, 2, 3, 4, како задолжителен предмет, Англиска книжевност 1 и Англиска книжевност 2 (во Радовиш), како и Британска култура и цивилизација на Филолошки факултет (во Штип и во Радовиш). Освен тоа, кандидатот бил задолжен и за предметите Англиски јазик 1 и 2 на Правниот факултет - Кочани и Штип, Економскиот факултет - Кочани, Машинскиот факултет - Виница, како и на Факултетот за информатика - Кавадарци.

***Објавени трудови, присуство на конференции, учество на културни манифестации и преводи***

**Во периодот од 2011** година **до денес е автор или коавтор на следниве трудови:**

1. *Препородот на витештвото и појавата на џентламенот во Велика Британија* - Зборник на Филолошки факултет 2013/2014 година (во печат);
2. *Модернизам, Постмодернизам и глобализација*, Меѓународна научна конференција: Наука и глобализација. Филозофски факултет, Универзитет у Источно Сарајево – Сараево, 17-20 мај 2013.
3. *Романот во Македонија и Америка во 20 век преку романите „Белата долина“ на Симон Дракул и „Бисерот“ на Џон Стеинбек и покрај разликите во тематиката, со сличен лирски сензибилитет и вечната идеја за борбата на доброто и злото* - VIII македонско-северноамериканска конференција: Охрид, 7-8 август 2012 година.
4. *Улогата на Македонија во создавањето и дисеминацијата на старите пишани знаци и азбучни системи низ вековите*, International Journal of Arts & Sciences, Harvard University, Cambridge, Massachusetts, May 27-31, 2012.
5. На 9.11.2013 година учествува на меѓународна конференција организирана од Здружение на преведувачи на Република Македонија.
6. На 26.7.2013 учествува во промоцијата на книгата „Во театарот на Светот“ од С. Бенџамин Трејси, организирана во рамките на Штипско културно лето 2013.

***Во овој период кандидатот извршил преводи на следниве трудови и апстракти:***

1. The upbringing dimension of educational institutions –Марија Леонтиќ - УГД repository (труд).
2. Turcisms as a lingual and cultural thread when translating literary text from Turkish language to Macedonian language, Марија Леонтиќ – УГД repository (апстракт).
3. The translation and the truth, Марија Леонтиќ – УГД repository (апстракт).

2. **М-р Афродита Николова**

***Биографски податоци***

**Афродита Николова** е родена на 30 март 1989 година во Штип, Република Македонија. Во 2011 год. дипломирала на Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за англиски јазик и книжевност (наставна насока), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и се стекнува со назив дипломиран професор по англиски јазик и книжевност.

Афродита Николова е добитник на стипендија од Министерството за образование на РМ за посета на постдипломски студии на Универзитетот во Кембриџ, на Факултетот за образовни науки (насока Уметности, креативност, образование и култура). Студиите ги посетува во периодот од октомври 2012 до октомври 2013 година и на 26 октомври 2013 година се стекнува со високообразовна квалификација **магистер од областа на образование**. Овие студии ги завршува со изработка на магистерски труд на тема „Испитување на реакциите на универзитетските студенти на книжевниот текст *Венецијанскиот трговец* од Шекспир во македонскиот контекст“.

***Наставно - образовна активност и научноистражувачка дејност***

По завршувањето на додипломските студии, во 2011/2012 година Николова работи како професор по англиски јазик во училиштето „Ленгвич планет“ - Скопје, каде што имала можност да соработува со разновидни возрасни групи. Се стекнува и со диплома за вршење обука за меѓународните тестови (TOEFL;TOEIC) за познавање на академски и деловен англиски јазик. Од септември 2011 година е уредник на книжевниот додаток „Ш“, независно/непрофитно студентско списание на граѓанската организација „Излез“ - Скопје.

***Студиски престои во странство***

Во периодот од октомври 2012 до октомври 2013 година, Николова престојува во Кембриџ, Велика Британија. Во тој период посетувала постдипломски студии на Универзитетот во Кембриџ, коишто успешно ги завршува. Во Велика Британија престојува и за време на посетата на јазичен курс по англиски јазик, напредно ниво, во училиштето „Милнер“ во Лондон.

***Објавени научни и стручни трудови***

Афродита Николова објавувала литературни критики и статии во студентското списанија „Варсити“ (Varcity) - Кембриџ, во „Кембриџ студент“ (ТЦТ) - Кембриџ, во невладино списание поддржано од Европскиот центар СН 7 и Центарот за образование и развој, во поетски списанија во земјава и во странство (Англија, Австралија, Велика Британија и др).

Таа објавила и своја збирка поезија „Омајнина“, издавачка куќа „Менора“ - Скопје, 2010 година. Во процес е објавувањето на нејзиниот апстракт од магистерскиот труд по образование, Преглед на истражувачки проекти, од Конференцијата за постдипломски истражувања од студенти „Калеидоскоп“, Факултет за образование, Универзитет во Кембриџ.

***Проекти***

- 2013 (февруари/мај) –организатор на настанот „Уметнички калеидоскоп“ во склоп на Конференцијата за постдипломски истражувања од студенти „Калеидоскоп“, Факултет за образование, Универзитет во Кембриџ;
- 2013 – учесник на две поетски читања од проектот „Трешхолдс“ (Thresholds) организиран од поетесата Керол Ен Дафи, Музеј за археологија и антропологија, Кембриџ;
- 2012 (август/септември) –раководител на Работилница по креативно пишување, Дом на култура „Ацо Шопов“ - Штип;
- 2012 (ноември/декември) –раководител на креативни работилници, Академски клуб, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Презентации/конференции***

- 2012 – Говорител на тема „Младите и образованието“ на конференцијата за Европска иднина, ЕУ инфо центар;
- 2013 – Конференција за постдипломски истражувања од студенти „Калеидоскоп“, Факултет за образование, Универзитет во Кембриџ (истражување во прогрес).

Во периодот од 2010 до 2013 година, Николова е добитник на повеќе награди и почести за поезија и есеи.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената работната биографија, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката Афродита Николова не го исполнува условот од член 11 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, т.е. нема три години работно искуство или еден мандат како помлад лектор.

Со оглед на искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на неговото работење како помлад асистент на Филолошкиот факултет, од учебна 2011/2012 година, на Филолошкиот факултет, така и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата констатира дека м-р Крсте Илиев ги исполнува сите суштински и законски критериуми, предвидени со Законот за високото образование, за избор во наставно-стручно звање *лектор* за научната област *англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот м-р Крсте Илиев да биде избран за наставник во наставно-стручно звање лектор за научната област *англистика*.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Марија Кусевска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Нина Даскаловска, член, с.р.**
**Проф. д-р Јованка Денкова, член, с.р.**